РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: | 18. 05. 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1893/1 | | |

Архивски знак 0706
Рок на чување: трајно
18.05.2012 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **музички стимулации и ритмички вежби** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.



АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ**

# МУЗИЧКИ СТИМУЛАЦИИ И РИТМИЧКИ ВЕЖБИ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**V ОДДЕЛЕНИЕ**

# 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и таа треба да има свое значајно место во воспитанието и образованието. Целта на наставата по музички стимулации и ритмички вежби за учениците со оштетен слух е да ја засакаат музиката, кај нив да се поттикне желба за пасивно занимавање со неа: да распознаваат одреден ритам, да ги чувствуваат музичките вибрации од ударните инструменти, а оние ученици кои имат извесни остатоци на слух или користат кохлеарен имплант (во зависност од индивидуални можности и способности) да ја засакаат музиката и да ги развијат своите музички способности.

Музичкото образование, како задолжителен предмет треба да го оспособи ученикот да стане активен корисник и чинител на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Предметот музичко образование во наставниот план е застапен со по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно

Заедно со ликовното образование и другите соджини присутни во одредени предмети, музичкото образование треба да влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност, за да им се овозможи постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката, од најраните години во развојот на ученикот, е идеално за комплексното делување врз неговата/нејзината личност, за силно поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа, одговорноста, стекнувањето на култура на однесувањето и, евентуално, во поттикнување на музичкото изразување.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги спознава основните музичко-изведувачки активности (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко ритмички активности) како и слушањето музика (за учениците со поголеми остатоци на слух);
- да ужива во убавината на музиката;
- да ги развива музичките способности;
- да се изразува со користење знаковен јазик за перципираната музика;
- да ги открива своите музички претпочитувања и претпочитувања на другите;
- да ги почитува своите претпочитувања и претпочитувањата на другите;
- да се запознае со посложени музички дела од различни стилови и жанрови, како и со примери од народното музичко творештво;
- да го усвојува нотното писмо (учениците со практична глувост само по визуелен пат, а учениците со остатоци на слух и аудитивно, во рамките на индивидуалните можности);
- да ги усвојува музичко-теориските поими и со тоа да го зголемува вокабуларот од областа на музичкото образование;
- да стекне позитивен став за народно творештво и народното музичко творештво;
- да ги знае основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- одговорно да ги извршува задачите;
- да покажува смисла и желба за тимско работење;
- да покажува толеранција;
- да покажува подготвеност да му помогне на другиот;
- да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да применува правилна вокална интерпретација (наглуви ученици);
- да се поттикнува да го развива опсегот на гласот (наглуви ученици);
- да се поттикнува да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина (наглуви ученици);
- да развива навики за активно слушање музика (наглуви ученици);
- да препознава и именува основни видови на темпо;
- да препознава и именува основни видови на динамика;
- да ги усвојува елементите на нотното писмо;
- да се оспособува за пеење и свирење (наглуви ученици);
- да се воведува во музичката граматика;
- да се поттикнува за позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
- да се воведува во спознавањето на основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ И АРТИКУЛАЦИЈА (ориентационо 20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Напомена:***<br>*Кога степенот на оштетување на слухот не овозможува совладување на вежбите за пеење се зголемува бројот на часови во вежбите на артикулација и тоа во корелација со македонски јазик.*<br><br>**Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се оспособи за правилна артикулација на гласовите;<br>➢ да го развива говорот во функција на меѓусебно разбирање;<br>➢ да ја развие артикулацијата на гласовите во македонскиот јазик;<br>➢ да се поттикнува за самостојно говорно изразување;<br>➢ да се поттикнува монолошко и дијалошко изразување преку кратки текстови и песни;<br>➢ да разликува пеење и говор; | Правилен став при пеење<br><br>Правилна артикулација<br><br>Правилно дишење и фонација на говорните органи<br><br>Правилен изговор на едносложни и двосложни зборови<br><br>Правилен изговор на реченици со именки и глаголи<br><br>Самостојно говорно изразување<br><br>Монолошко и дијалошко изразување<br><br>Пеење и говор | Артикулација<br><br>Дишење<br><br>Фонација<br><br>Едносложни зборови<br><br>Двосложни зборови<br><br>Реченици<br><br>Говор<br><br>Монолог<br><br>Дијалог | o Вежби за артикулација на гласовите.<br><br>o Вежби за правилно дишење и фонација на говорните органи.<br><br>o Вежби за правилен изговор на едносложни зборови.<br><br>o Вежби за правилен изговор на двосложни зборови.<br><br>o Вежби за правилен изговор на реченици со именки и глаголи.<br><br>o Вежби за самостојно говорно изразување преку семантички игри во корелација со македонски јазик.<br><br>o Вежби за монолошко и дијалошко изразување преку кратки текстови и песни во корелација со македонски јазик.<br><br>o Вежби за дискриминација на пеење и говор.<br><br>o Вежби за правилно пеење, држење на телото.<br><br>o Изведување бројалки со точен ритам и јасна дикција со примена на двојна поделба на удар (подготовка за зучување на осмина нота во В одд.) (пр.: познатата бројалка „Та-ра, та-ра, та-ра-на" да се изговара во побрзо темпо плескање на рацете на секои два слога). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да стекнува навика правилно да го држи телото при пеење;<br>➢ да развива осет за ритам и да идентификува определен ритам;<br>➢ да развива интерес за пеење;<br>➢ да го развива опсегот на гласот;<br>➢ да се поттикнува да ги применува основните видови темпа (брзо- бавно) во пеењето;<br>➢ да се поттикнува за употреба на основните видови динамика (силно- тивко) во пеењето. | Пеење по слух: детски, уметнички, народни песни и песни поврзани со државни и верски празници различни по содржина и карактер<br><br>Правилна артикулација<br><br>Силно и тивко пеење и говорење<br><br>Бавно и брзо пеење и говорење<br><br>Препознавање и примена на соодветно темпо и ритам | Песна<br><br>Тактирање<br><br>Ритам<br><br>Темпо<br><br>Динамика | o Пеење песни (со знаковен јазик) различни по содржина и карактер според постапката на учење песна по слух (пр,: учење на песни за годишните времиња, детски песни, народни песни и др. со опсег ц1- ц2).<br><br>o Тактирање елементарни вежби и песни.<br><br>o Пеење песни по желба или пеење на песни во корелација со тоа што се учи, пр. по предметите  македонски или запознавање на природата и општеството, или во корелација со временскиот период. |

## 2. МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ (ориентационо 20 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да ги препознава и пишува знаците на нотното писмо: петолиние, виолински клуч, нота;<br>➢ да го препознава изразот „темпо" за соодветната музичка карактеристика;<br>➢ да го препознава изразот „динамика" за соодветната музичка карактеристика;<br>➢ да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики;<br>➢ да развива осет за ритам;<br>➢ да се поттикнува да изведува движења според однапред утврдена кореографија;<br>➢ да запознава и изведува едноставни народни ора;<br>➢ да се поттикнува за учество во елементарни музички драматизации. | Елементи на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч (повторување)<br><br>Темпо (како стручен израз)<br><br>Динамика (како стручен израз)<br><br>Музичко-ритмички чекорења (чекорење, марширање,потскокнување)<br><br>Музички игри<br><br>Танцување<br><br>Елементарни музички драматизации (со користење на танц и пантомима) | Положбата на тоновите на петтолиние (ноти)<br><br>Темпо и динамика (поимите се воведувааат како стручни израз наместо брзина)<br><br>Чекорење<br><br>Марширање<br><br>Потскокнување<br><br>Танц, оро<br><br>Гест<br><br>Пантомима | o Примена на елементи на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч и вежби за пишување.<br><br>o Воочување на нотите на петолиние.<br><br>o Вежби за пишување на нотите на петтолиние.<br><br>o Препознавање и воочување на основните видови темпо/динамика (брзо - бавно) преку пеење, слушање музика, свирење(пр.: Изучената песна или бројалка се пее (изговара) во брзо и бавно темпо/динамика, се одредува видот на темпо/динамика и се дискутира кое темпо/динамика е соодветно на дадената песна (бројалка).<br><br>o Комбинирање на чекорења и потскокнувања (со промена на темпо,правец на движење, различни видови на престројување).<br><br>o Учество во музички игри.<br><br>o Изведба на едноставни танци и ора.<br><br>o Учество во елементарни музички драматизации на песна или инструментална композиција по избор. |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА, РИТАМ И ТЕМПО (ориентационо 20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттикнува за слушање на музичко дело (или заокружен фрагмент) внимателно, концентрирано, од почеток до крај;<br>➢ да ја доживее звучноста на оркестарот;<br>➢ да слуша и да препознава класична, народна и музика за деца;<br>➢ да го препознава карактерот на музиката (весела, тажна, брза, бавна);<br>➢ да препознава народни песни и ора;<br>➢ да слуша и препознава звуци на одредени музички инструменти;<br>➢ да развие способност за воочување и именување на основните видови на темпо и промените на темпото во музичките дела; | Слушање класична и народна музика, како и музика за деца<br><br>Слушање музички фолклор (народни песни и ора од својата етничка заедница како и од другите етнички заедници)<br><br>Слушање вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина<br><br>Оркестар | Инструментална музика<br><br>Вокална музика<br><br>Вокално-инструментална музика<br><br>Темпо<br><br>Динамика<br><br>Инструменти<br><br>Инструментален состав<br><br>Оркестар<br><br>Народна песна и оро<br><br>Изведба во бавно темпо;<br><br>Изведба во брзо темпо | ○ Повеќекратно слушање на различни композиции со различни задачи (истата композиција може да се користи и за доживување и препознавање на инструментот).<br><br>○ Слушање на вокални и вокално-инструментални музички дела по избор на наставникот (според горенаведената постапка).<br><br>○ Слушање класична музика.<br><br>○ Слушање народна музика.<br><br>○ Слушање музика за деца.<br><br>○ Слушање забавна музика.<br><br>○ Откривање на името на инструментот (дувачки и удирачки), визуелно, тактилно и аудутивно запознавање на инструментот.<br><br>○ Усвојување на поимот оркестар-инструментален состав од изведувачи на различни инструменти, посета на концерт на филхармонија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да развие способност за воочување и именување на основните видови на динамика и промените на динамиката во музичките дела. | Вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела во основни видови на темпо и промени на темпото<br><br>Вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела во основни видови на динамика и промени на динамиката | Постепена промена на звучност | ○ Разговор со учениците за тоа кој тип на музика најмногу им се допаѓа, им се дава да преслушаат повеќе мелодии на различни видови на музика, а потоа да одберат една која им оставила најголем впечаток и да објаснат зошто.<br>○ Игри на препознавање на карактерот на музиката преку драматизирање (тага, радост, брзо, споро).<br>○ Слушање и препознавање на песни и ора од различни етнички заедници и разговор за истите.<br>○ Посета и учество на фолклорни изведби. |

## 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 6 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттикнува да свири на ДМИ (ритмички);<br>➢ да се воведе во техниката на свирење на блок флејта;<br>➢ да се оспособува правилно да го употребува прсторедот за тоновите;<br>➢ да се оспособува за свирење на ДМИ индивидуално и во група (инструментален состав). | Свирење по ритам ритмички вежби<br><br>Мелодиски вежби за блок флејти<br><br>Едногласни мелодии (погодни за свирење-напамет) | Блок флејта<br><br>Прсторед<br><br>Инструментален состав<br><br>Ритмички вежби<br><br>Мелодиски вежби | o Свирење на детски музички инструменти.<br>o Визуелно и слухово запознавање на блок флејта.<br>o Усвојување на техниката на свирење на блок флејта (правилно седење- стоење, дишење, држење на инструментот, прсторед).<br>o Свирење на едноставни вежби со примена на правилна техника на свирење.<br>o Наставникот прикажува повеќе едноставни инструменти и опишува како функционираат, а учениците тактилно и аудитивно се запознаваат со инструментот (наставникот по вербален пат нуди подетални описи). |

| 6. **НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО (ориентационо 6 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да го усвои поимот народно творештво;<br>➢ да ги именува елементите од народното творештво;<br>➢ да го усвои поимот народно музичко творештво;<br>➢ да ги именува елементите на народно музичко творештво;<br>➢ да се поттикнува за позитивен став кон народното творештво и кон народното музичко творештво. | Народно творештво (општи карактеристики, т.е. разговор, гатанки, приказни, народна музика (песни, ора...) обичаи (Коледе, Велигден, Ѓурѓовден, Водици...) носии, кујна<br><br>Народно музичко творештво, народни песни, народни ора и народни инструменти | Народно творештво<br><br>Народно музичко творештво | o Проектна активност- „Народно творештво (собирање на слики и текстови предмети и разни други материјали од различни извори: библиотеки, интернет и сл., како и со помош на наставникот, родителот).<br>o Активност: Собирање умотворби: гатанки, брзозборки, пословици, народни преданија и др.<br>o Активност: собирање грнчарии: бардаче, стомна, вазни, тави, носии, везови и др.<br>o Активност: Собирање текстови од изворни народни песни од различни краишта на Македонија.<br>o Стекнување сознанија од родителите и повозрасните лица за обичаите во Македонија, како и за обичаите од останатите етнички заедници<br>o Активност: Собирање слики од народни инструменти.<br>o Организирање заедничка презентација на експонатите од претходно реализираните активности. |

# 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот музички стимулации и ритмички вежби во V одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

Одредени цели и активности (пеење, слушање на музика) се однесуваат на учениците со оштетен слух кои имаат одредени слушни остатоци. Кај овие ученици може да постојат реални очекувања за правилен пејачки став, распознавање на динамика, распознавање на различни музички инструменти и слично.

Кај учениците со практичен губиток на слух, очекувањата во однос на постигањата на учениците се поразлични. Тие треба да бидат насочени кон правилна артикулација, односно правилен изговор на гласовите, совладување на вежбите за ритам и темпо, запознавање со основите на музичката писменост, богатење на вокабуларот со нови термини од областа на музичкото образование. Потребна е индивидуална и индивидуализирана настава со учениците со оштетен слух по овој предмет.

Доколку учениците имаат одредени слушни остатоци и можат да ја совладаат вештината на свирење на музички инструменти, се препорачува тоа да се прави индивидуално, а не во група.

Во темата *Свирење на детски музички инструменти*, освен единицата за свирење со блок флејта за учениците со остатоци на слух, исто така, се препорачува и употреба на ударни музички инструменти, за оние кои немаат остатоци на слух.

Годишен фонд на часови:

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Пеење и артикулација | 20 |
| 2. | Музичка писменост | 20 |
| 3. | Слушање музика,ритам и темпо | 20 |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 6 |
| 5. | Народно музичко творештво | 6 |
| | | |
| Вкупно: | | 72 |

Наставни средства

- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.)
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик/ученичка.

На крајот на годината учениците со оценуваат со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и за наставни средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по музички стимулации и ритмички вежби во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по музички стимулации и ритмички вежби за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе:

10.05.2012

Панче Кралев,

министер за образование и наука

Скопје, ----------------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-2482/38
15.05 2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * СКОПЈЕ *